

***На 15. Октомври 2022 година во Општината Новаци се одржаа манифестацијата„22. Пелагониските културно-научни средби“, на која беше промовирана Монографијата „Силјан Мицевски“, дело кое се однесува на животот и делото на бизнисменот Силјан Мицевски-Циле.***

Монографијата „Силјан Мицевски“, е дело на Славе Николовски-Катин во коавторство со Ѓорѓи Лумбуровски, а е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, на 330 страници, на македонски јазик, проследена со глем број фотографии, отпечатена во печатницата „Напредок“, во Тетово. Рецензенти на оваа значајна монографијата се академик Владо Камбовски, проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и проф. д-р Ѓорѓи Михајловски.

Овогодишна манифестија *„Пелагониските културно-научни средби“* се одржа по 22 пат *пред голем број присутни во прекрасната сала на*
Општина Новаци. Меѓу нив имаше голем број носители на различни активности, познати писатели и научни творци кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на манифестацијата. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија.

Една од главни задачи на Одборот на *„Пелагониските културно-научни средби“* бешепро моцијата намонографското дело
*на познатион Битолчанец*
Силјан Мицевски, кој е првиот човек на градежното претпријатие „Пелистер“, а неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еурофарм“ низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво.

Во своето излагање Претседателот на Средбите д-р Весна Калпаковска за монографското дело на Славе Катин и Ѓорѓи Лумбуровски, меѓу другпто, истакна дека оваа промоција ги збогати средбите кои имаат традиција во Општина Новаци веќе 22 година, а со тоа оваа традиција ќе продолжи и понатаму со промоции на нови дела, со цел дасе афирмира, културата, историјата, книжевното творештво, македонски јазик, македонскиот нарот и Македонија.

Треба да се нагласи дека Силјан Мицевски важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани. Тој е угледен македонски стопанственик, спортист, поддржувач на културата, уметноста и спортот, донатор, почесен конзул на Република Србија во Република Македонија и поранешен градоначалник на Општина Битола,


ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ НОВАЦИ
ОСНОВАНИ ВО 2000 год
СТАЛЕ ПОПОВ
Куќата на Стале Попов
Стале Попов